29.06.2022 (среда)
НУЦК "Антон Панов",фоаје Струмица
Почеток 20:00 часот

## Програма:

1.A.Barrios-Julia Florida
2. A.Barrios -Danza Paraquaya
3.E.Granados-Spanish Dance br.5
4. J.K.Mertz -Am Grabe der Geliebten
-Unruhe
5. M.D.Pujol-Tres Pieces de Otono
-Arbolado
-Sombrio
-Avenida Centenario
6.M.De Falla –La Vida Breve

*Горан Тонев е роден на 26ти август 2000 година. Основното училиште го заврши во ОУ ,, Ванчо Прќе" Штип. Своето школување по класична гитара го започна на својата 8 годишна возраст во нижото музичко училиште ,,Сергеј Михајлов" -Штип.*
*Уште во првата година од своето школување учествуваше на државниот натпревар по класична гитара во Скопје каде освои трета награда. Наредната година на истиот натпревар учествува во камерен состав со кој им е доделено второто место*
*. Во меѓувреме настапува по многу јавни часови и концерти*
*. Во 2012 година Горан Тонев добива втора награда на државниот натпревар во Скопје*
*Во 2013 година кај професорот Дејан Лазаревски освои втора награда на меѓународниот натпревар во Аранѓеловац- Србија.*
*Во 2014 година добива втора награда на државниот натпревар во Скопје, а во 2014 година доби Специјална прва награда исто така на државниот натпревар во Скопје.*
*Во 2015 година добива прва награда, а во 2016 година добива Специјална прва награда на државниот натпревар во Скопје.*
*Во 2017 и 2018 годината исто така е добитник на прва награда на државниот натпревар во Скопје.*
*Во мај 2018 настапува како солист со оркестарот на ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов"- Штип.*
*Во 2019 го завршува средното музичко учулиште и се запишува како студент на класична Гитара на Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип.*

*Дејан Лазаревски (Штип, 1986 год.)*
*Основното и Средното музичко училиште го завршил во родниот град во Државниот музички училишен центар „Сергеј Михајлов" - Штип.*
*Студиите ги продолжил на отсекот за класична гитара на Факултетот за музичка уметност, при универзитетот Св."Кирил и Методиј", во Скопје, во класата на проф. Војислав Ивановиќ, а ги завршува во класата на проф.Тања Јанкова, каде што и магистрира.*
*Моментално е редовен проф. по гитара во ДМУЦ "Сергеј Михајлов" –Штип,и работи како хонорарен професор со насловно звање доцент на Музичката академија при УГД.*
*Бил предавач на Семинарот за класична гитара, под покровителство на "Струмица Опен фестивал" 2014,2015,година;*
*Земал активно учество во прокетот: „Music Entertaiment" – во Француска продукциска куќа, во рамките на МРТВ;Како солист и камерен музичар Лазаревски има настапувано на повеќе концерти, а дел од нив се: солистички концерти во Ликовен салон во Велес и ОУК „Дом на млади" - Штип во 2021 година; солистички концерт во НУЦК "Ацо Шопов"- Штип ,2022 година; камерни концерти, дуо гитара со Горан Тонев во НУЦК „Антон Панов" - Струмица и ОУК „Дом на млади" - Штип во 2021 година. Има настапувано како солист и на Интернационалниот фестивал за гитара „Тремоло", КИЦ „Салон 19:19" - Скопје во 2017 година. Тој исто така има настапувано и со камерниот состав „Класична гитара и кларинет" со Иле Колев на „Штипско културно лето" во 2014 година, во Ликовниот салон – Велес во 2015 година, „Радовишко културно лето" во 2013 година. Како член на камерниот состав „Дуо гитари" со Виктор Пешчеров има настапувано на "Skopje Guitar Festival" во Скопје, во Сала „Фросина" при МКЦ во 2015 година, како и концерт во "Horten Kulturskole" во Хортен, Норвешка во 2022 година.*